A- A A+

(https://www.facebook.com/mvr.gov.mk/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
Последни вести (/vesti)
Министерство (/page/ministerstvo)
Фото галерија (/foto-galerii)
(/default)
МИНИСТЕРСТВО (/page/ministerstvo) АНАЛИЗИ И СТАТИСТИКИ (/analizistatistiki/site) ПРОЕКТИ И КАМПАЊИ ЛЕГИСЛАТИВА ЛИНКОВИ УСЛУГИ (/page/vidovi-uslugi) МЕДИА ЦЕНТАР

Дневни билтени

**2015**

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

**2016**

**2017**

**2018**

**2019**

**2020**

# Извадок на дел од дневни настани 03.02.2019

На 02.02.2019 година во 17.30 чаот на регионалниот пат Делчево-Берово, кај село Тработивиште, патничко возило „Фолксваген голф "со беровски регистарски ознаки, управувано од И.Ш.(37) од село Црник, пехчевско, изгубило контрола и излетало од патот. Притоа, со тешки телесни повреди се здобил возачот и бил пренесен во Клиничката болница во Штип, каде му била укажана лекарска помош. Извршен бил увид на местото.

На 02.02.2019 година во 18.40 часот на Граничен премин Аеродром „Скопје", при пасошка контрола, било констатирано дека лицето А.С.(32) од Лесковац,

Република Србија, се бара од Интерпол. Лицето било приведено и задржано во Полициската станица Гази Баба за понатамошна постапка.

На 02.02.2019 година во периодот од 10.00 до 12.00 часот, врз основа на судска наредба, полициски службеници извршиле претрес во хостел во село Никифорово, гостиварско, кој под концесија го стопанисувал В.Л.(29) од Скопје. Тој бил присутен, а бил затекнат и неговиот брат И.Л.(32). При претресот биле пронајдени и одземени марихуана, дробилки за марихуана и др. предмети. И.Л. бил лишен од слобода и приведен во Полициската станица Гостивар за понатамошна постапка. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 02.02.2019 година во 15.50 часот на улица „Арсени Јовков" во Скопје, непознато патничко возило, управувано од непознат возач удрило во пешакот Л.Ш.(74) од Скопје и го напуштил местото. Л.Ш. се здобила со тешки телесни повреди и и била укажана лекарска помош во Ургентен центар при комплексот клиники „Мајка Тереза" во Скопје. Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје.

На 02.02.2019 година во 22.30 часот во Куманово, на регионалниот пат Куманово –Свети Николе, полициски службеници забележале сомнително патничко возило „Рено" со скопски регистарски ознаки, кое кога се обиделе да го запрат не застанало. По преземени мерки, возилото било пронајдено во Свети Николе и во него имало 11 мигранти од Ирак, Пакистан и Бангладеш, додека возачот М.Р.(26) од село Банско, струмичко, се дал во бегство, но набргу бил фатен и лишен од слобода. Исто така, од слобода бил лишен и Т.И.(40) од село Банско, кој со патничко возило „Фолксваген Пасат" со скопски регистарски ознаки возел пред возилото на М.Р.. Двајцата биле задржани во полициска станица, а по целосно документирање на случајот против нив ќе бидат поднесени соодветни пријави.

На 03.02.2019 година во периодот од 00.00 до 03.00 часот полициски службеници извршиле акциска контрола во угостителски објект во село Горно Седларце покрај автопатот Тетово-Гостивар. При контролата во објектот биле затекнати 10 женски лица, од кои три од Република Македонија, шест од Република Албанија и едно од Косово. Странските државјанки биле приведени во Полициската станица Тетово за понатамошна постапка. За настанот бил запознаен јавен обвинител.

Секторот за внатрешни работи Скопје - Единица за економски и компјутерски криминал поднесе кривична пријава против Д.А.(32) од Велес поради постоење основи на сомнение дека сторил две кривични дела ,,проневера во службата" и ,,фалсификување или уништување на деловни книги". Пријавениот Д.А., вработен во Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија на работно место

помлад соработник за нормативно правни работи, на 15.05.2017 година присвоил осум мобилни телефонски апарати. Имено, на 28.04.2017 година до мобилен оператор било испратено „корегирано барање" од Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство со кое бараат испорака на осум мобилни телефонски апарати врз основа на субвенционирање на претплата на телефонските броеви задолжени на министерството. Бараните телефонски апарати биле испорачани на 12.05.2017 година, а пријавениот ги примил во име на министерството, но не ги предал за да бидат заведени како основни средства во сметководствената евиденција, туку ги присвоил за себе и го оштетил миистерството за 440.950 денари. После тоа, ја уништил и испратницата.

На 02.02.2019 година во 20.55 часот во Полициската станица Крушево, од Територијалната противпожарна единица Крушево било пријавено дека во село Врбоец настанал пожар во кој горела помошна просторија во куќата сопственост на Р.М.. Пожарот бил изгаснат, а повредени лица нема. Увид се врши во текот на денот.

На 03.02.2019 година во Полициската станица Крива Паланка, Н.С.(24) од село Мала Црцорија и С.С.(21) од Крива Паланка пријавиле дека истиот ден околу 02.50 часот во дискотека на улица „Св. Јоаким Осоговски" физички биле нападнати од повеќе лица со кои се познавале. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 03.02.2019 во 01.15 часот во Полициското одделение Градско, С.М.(28) од село Уланци, општина Градско, пријавил дека истиот ден околу 01.00 часот во казино на улица „Александар Македонски" во Градско бил физички нападнат од Д.И.(25) од Градско. Д.И. бил приведен и му бил изготвен записник за констатиран прекршок од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 02.02.2019 година околу 12.30 часот во аптека на улица „Македонски просветители" во Охрид Р.Ч.(27) од Охрид извршил разбојништво и со закана со пиштол од вработената одзел лекови. Р.Ч. е лишен од слобода и против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 02.02.2019 година во 15.50 часот во Полициската станица Прилеп, В.Т.(20) од Прилеп пријавил дека истиот ден околу 14.00 часот, додека бил на работа како келнер во пицерија во Прилеп, физички бил нападнат од неговиот колега В.Н. и лицето А.Н.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 02.02.2019 година во 20.45 часот во Полициската станица Неготино, Л.Ѓ. од Демир Капија пријавила дека истиот ден околу 18.45 часот од домот во непознат правец се оддалечил нејзиниот свекор Ј.Ѓ.(88). Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 02.02.2019 година во 15.00 часот во Полициската станица Центар, К.Ц.Р.(29) од Скопје пријавила дека истиот ден во 09.15 часот на улица

„Македонија" била касната од куче скитник.

На 02.02.2019 година околу 20.45 часот во СВР Скопје било пријавено дека на улица „11-ти Октомври", во приватен автобус бр.22 А.М.(18) од село Волково, скопско, физички бил нападнат од повеќе лица. Се преземаат мерки за пронаоѓање на сторителите и за расчистување на случајот.

На 03.02.2019 година во 00.40 часот во Полициската станица Неготино, Б.М.(26) од Неготино пријавил дека околу 00.30 часот во кафе бар во Неготино физички бил нападнат од две лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 03.02.2019 година во 01.00 часот во Полициската станица Прилеп, М.Т.(21) од Прилеп пријавил дека околу 00.00 часот во кафе бар на улица „Марксова" физички бил нападнат од две лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 03.02.2019 година во 03.20 часот во СВР Скопје било пријавено дека на булевар „Кузман Јосифовски Питу" две лица физички го нападнале и му одзеле пари на С.К.(18) од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 02.02.2019 година во 22.00 часот во Полициската станица Аеродром, М.П.(19)пријавила дека од својот дом во непознат правец се оддалечил нејзиниот дедо З.Р.(72). Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

(http://www.mvr.gov.mk/DesktopDe
tabindex=0&tabid=127)

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет

(https://www.facebook.com/makedonskapolicija/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)